Одделот за граѓански дела при Врховниот суд на Република Северна Македонија, расправајќи по правните прашања од интерес за единствената примена на правото и воедначување на судската пракса, на седница одржана на ден 17.12.2018 година, го донесе следното

## П Р А В Н О М И С Л Е Њ Е

**Потпишан записник од книговодствена евиденција од страна на сметководител значи само потврда на констатираната моментална состојбата во книговодствената евиденција и истото не може да се смета како признавање на долг.**

### О б р а з л о ж е н и е

До Врховниот суд на Република Северна Македонија – Одделот за судска пракса, поради воочената неконзистентна примена на закон од страна на Апелационите судови на територијата на Република Северна Македонија, од страна на Судско буџетскиот совет на Република Северна Македонија е доставено барање за правно мислење по следното прашање:

Дали во парнична постапка сметководител на државен орган се смета за овластено лице кое може согласно член 376 од ЗОО, да признае долг и со тоа да ја прекине застареноста на долгот.

Имено за конкретното правно прашање се донесени две сосема спротивни пресуди и тоа Пресуда ТСЖ14/17 на Апелациониот суд Штип и Пресуда ТСЖ945/17 на Апелациониот суд Скопје. Ставот на Апелациониот суд Штип во наведената пресуда е дека записник од книговодствена евиденција помеѓу странките, потпишан од сметководителот на Основен суд Штип како тужен, не значи признавање на долг со кое се прекинува застареноста, бидејќи признавањето не е дадено од лице кое е овластено да го признае долгот на тужениот Спротивно на ова Апелациониот суд Скопје во наведената пресуда изразува став дека конфирмација на меѓусебни побарувања и обврски потпишана од сметководителот на тужениот Основен суд Скопје 1 Скопје, претставува писмено признавање на застарена обврска и се смета како откажување од застареноста, затоа што е потпишана од овластено лице на тужениот и претставува изјава на волја на тужениот.

Одделот за граѓански дела на Врховниот суд на Република Северна Македонија, расправајќи по поставеното правно прашање, го утврди правното мислење поради следните причини:

Согласно член 376 став 1 од Законот за облигациони односи, застарувањето се прекинува кога должникот ќе го признае долгот.

Согласно став 2 од истиот член, признавање на долг може да се стори не само со изјава до доверителот туку и на посреден начин, како што се давањето отплата, плаќањето камата, давањето обезбедување.

Поаѓајќи од фактот дека потпишан записник од книговодствена евиденција од страна на сметководител на државен орган, значи само потврда на констатираната моментална состојбата во книговодствената евиденција, произлегува дека истото не може да се смета како признавање на долг врз основа на кое настапува прекин на застареноста, бидејќи сметководителот не е овластено лице на органот.

Со оглед на наведеното, следуваше да се донесе погоре наведеното правно мислење.

ОДДЕЛ ЗА ГРАЃАНСКИ ДЕЛА